Среда (28.1.2015 година) во 12 часот во киносалата на Кинотеката на Македонија

Министерката за култура Елизабета Канческа–Милевска утре (28.1.2015 година) во 12 часот во киносалата на Кинотеката на Македонија ќе се обрати на свеченоста по повод 55 години творештво и 77 години од раѓањето на Љубиша Георгиевски, доајенот на македонската филмска и театарска уметност.

На настанот ќе бидат промовирани ексклузивното ДВД-издание со дигитализираниот филмски опус на Георгиевски и книгата „Театарски магии – Мнемопис“ со текстови на авторот.